ЗДРУЖЕНИЕ ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ-МАКЕДОНИЈА
TRANSPARENCY INTERNATIONAL-MACEDONIA
Бр. 0302/893
12.10 201 1 год.
Скопје

TRANSPARENCY INTERNATIONAL
MACEDONIA

**ДО**
**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО**
**С КО П Ј Е**

Врз основа на член 142 став 1 и 3 од Законот за кривичната постапка поднесуваме

Иницијатива

За поведување постапка за утврдување на кривична одговорност за лицето Зоран Ставрески од Скопје, вработен во Владата на Република Македонија како Министер за финансии.

Иницијативата ја поднесуваме поради постоење на основи за сомневање дека на 20.04 2010 година со Решение бр.07-13441/01 на штета на средствата од Буџетот на Република Македонија, во својство на Министер за финансии именуваниот сторил дело опфатено со одредбите во член 353 став 5 во врска со став 1 од Кривичниот Законик.

Образложение:

На 16.04.2010 година, лицето Зоран Ставрески како Министер за финансии, врз основа на член 10 став 4 од Законот за финансирање на политичките партии, донел акт бр. 07-13000/1 под наслов Упатство за дополнувања на Упатството за распределба на средствата од буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии, при што не почитувајќи ја поделбата на власта на законодавна, извршна и судска, ги пречекорил границите на своите службени овластувања како функционер во извршната власт, па се впуштил и на различен начин уредил законска материја. При тоа во уредувањето на начинот на распределба:

- утврдил различни критериуми според кои се врши распределбата на средствата од Буџетот кои се издвојуваат согласно Законот за финансирање на политички партии; и
- утврдил различни нормативи според кои политичките партии се квалификуваат да учествуваат во распределбата.

На истиот ден, односно на 16.04.2010 година актот под ист наслов бил објавен во Службен весник на Република Македонија број 52/2010 на страна 58 и 59.

Согласно член 2 од овој акт, истиот стапува на сила на денот на објавување во Службен весник на Република Македонија, односно дополнувањето станало интегрален дел на Упатството за распределба на средствата од буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии (во понатамошниот текст Упатство) на 16.04.2010 година.

Со дополнетото и изменето Упатство именуваниот на незаконит начин создал услови и правна основа, за потоа во својство на министер во

Владата надлежен за распределба на средства од Буџетот на Република Македонија, согласно така уредената постапка да изврши распределба на средства од Буџетот на Република Македонија кон политичките партии за 2010 година.

На 20.04.2010 година донел Решение бр.07-13441/01, со што на штета на средствата од Буџетот на Република Македонија во износ од 0.06 отсто односно 81,955,200 денари противзаконски за некои политички партии овозможил имотна корист и на тој начин им се доделени повеќе средства, на други политички партии им нанел материјална штета на тој начин што им се доделени помалку парични средства од предвиденото со наведениот Закон, а на некои согласно незаконито воспоставените правила во дополнетото Упатство воопшто не им се доделени никакви средства. Согласно член 8 на Законот за финансирање на политичките партии, од Буџетот на Република Македонија секоја година се издвојуваат 0.06 отсто од вкупните изворни приходи на Буџетот, заради финансирање на политичките партии. Овој износ за 2010 година изнесува околу 81,955,200 денари. Согласно со членовите 2-а став 3 и 4 како и со член 2-б став 4, 5 и 6 од Упатството кои Министерот за финансии Зоран Ставрески самиот ги направил, при распределбата на посочениот износ од Буџетот на Република Македонија со Решението бр.07-13441/01 од 20.04.2010 година го оштетил Буџетот со распределба на средства за финансирање на политички партии спротивна на Законот за финансирање на политичките партии.

Одредбите од членовите 2-а став 3 и 4 како и со член 2-б став 4, 5 и 6 од Упатството за распределба на средствата од буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии беа укинати со Одлука У.бр.16/2011 на Уставниот суд на Република Македонија од 21.09.2011 година. Во цитираната Одлука за укинување Уставниот суд го зазема следното стојалиште:

„Со оглед на наведеното Судот оцени дека член 2-а ставовите 3 и 4 и член 2-б ставовите 4, 5 и 6 од Упатството не се во согласност со член 8 став 1 алинеите 3 и 4 и член 51 од Уставот, членовите 10, 11 и 12 од Законот за финансирање на политичките партии и членовите 55 и 56 од Законот за организација и работа на органите на државната управа."

При тоа Судот во оваа Одлука констатира:

„ ... од анализата на член 2-а став 3 од Упатството произлегува дека во него се среќава начин на распределба кој нема основа во членот 10 ставови 1 и 2 од Законот за финансирање на политичките партии, од причини што распределбата на 30 % според Упатството за последните локални избори се врши на начин што од збирот на освоените гласови на секоја политичка партија од изборот на градоначалник и изборот на совет се утврдува просек на освоени гласови по политичка партија, односно на коалиција. **Ова не е начин на уредување во законската одредба која предвидува дека 30 % се распоредуваат на сите политички партии (парламетарни и вонпарламетарни) кои освоиле најмалку 1 % од гласовите на излезените граѓани. Според тоа, пресметувањето на средствата со помош на збир од освоени гласови односно просек од освоени гласови, преку недоволно јасно изложена постапка, отстапува**

**од законски утврдената формулација пресметката да се прави врз основа на освоени најмалку 1 % од гласовите на излезените граѓани**.

Воедно, ваквото уредување на распределбата на овие средства отстапува и од уредувањето во членот 11 и 12 од наведениот закон, од причина што Законот го уредил начинот на распределба на средствата кога кандидат за пратеник, советник или градоначалник ќе биде избран како преставник на коалиција. **Практично распределбата на средствата врз основа на настапување на изборите како коалиција утврдено во член 2-а ставови 3 и 4 од Упатството нема своја основа во членовите 10, 11 и 12 од Законот и како таков се јавува како самостојно неуставно и незаконито пропишување на основи за распределба на средствата. Според тоа, во овој случај министерот за финансии со ваквото уредување излегува надвор од законските овластувања и со тоа извршната власт навлегува во ингеренциите и надлежноста на законодавната власт.**"

како и следното:

„ Во оспорениот член 2-б став 4 од Упатството е утврден начинот според кој се врши распределба на средствата преку делење на збирот на вкупниот број на освоени советнички мандати и вкупниот број на градоначалнички мандати на ниво на Република Македонија ,со што се добива износот за еден мандат.Износот за еден мандат се множи со вкупниот број на освоени градоначалнички мандати на ниво на Република Македонија и добиениот износ се распределува на политичките партии, односно на политичките партии кои настапиле како коалиција, чии кандидати се избрани и за градоначалници и за советници на ниво на Република Македонија, сразмерно на бројот на нивните советници. **Според Судот, ваквата формулација е сосема нејасна и создава забуна и нема основа во членот 10 став 2 од Законот за финансирање на политичките партии кој предвидува поделба сразмерно на освоени советнички мандати. Со ваквиот начин на уредување на ова прашање од страна на министерот во суштина се навлегува во законодавната власт.**

Во ставовите 5 и 6 од Упатството е предвидена распределба на остатокот од средствата за финансирање на политичките партии, но ако се земе предвид дека распределбата се врши во делови од 30%, па 70 % и според Законот и според Упатството се поставува прашањето од каде и на што се должи овој остаток на средства, кои според оспорените одредби се распоредуваат на сите политички партии, односно на политички партии кои настапиле како коалиција. Ова дотолку повеќе што Законот во членовите 11 и 12 го предвидел начинот на евентуалната распределба на средствата кога кандидатот за пратеник, советник или градоначалник настапува и е избран како преставник на коалиција и кој оставил можност за договорна распределба. **Оттаму, според Судот со предвидениот начин на распределба во Законот не се остава можност министерот за финасии да определува како ќе се врши распределба кога се во прашање коалиции, како што тоа неосновано е направено во конкретниот случај. Тоа значи дека министерот со утврдените решенија од Упатството излегол надвор од рамките утврдени со Законот.**"

Во прилог:

Докази:

- Одлука на Уставниот суд на Репулика Македонија У.бр.: 16/2011-0-1 објавена во Службен весник на Република Македонија бр.132/2011 на 29.09.2011 година (во фото копија).

- Одговор од Министерството за финансии бр.02-4637/2 од 11.02.2011 година.

Скопје, 12.10.2011 година.

**Со почит,**

**Транспаренси Интернешнл – Македонија**

**Проф. Д-р Слаѓана Тасева**
**Претседател**